СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

на Општина Новаци

Број 07/25

Излегува по потреба 07.05.2025 година (среда) бр. 07 година XXIX
ж-сметка 749014004563010 Депонент: Народна банка на Македонија
E-mail: opstina@opstinanovaci.gov.mk Примерок - 50 ден.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за пренамена на средствата во Буџетот на Општина Новаци за 2025 година

1. Се прогласува, Одлука за пренамена на средствата во Буџетот на Општина Новаци за 2025 година, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 30.04.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-439/2
05.05.2025 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002), член 29 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 61/2004 ,96/2004,67/2007,156/09,47/11,192/15,209/18,244/ 19,53/21,77/21,150/21 и 173/22 год.), и член 36 од Законот за буџети („Службен весник на РМ“ бр. 54/05, 04/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12,192/15,167/16,151,21), Советот на Општина Новаци на 67 седница одржана на ден 30.04. 2025 година, донесе:

О Д Л У К А
за пренамена на средствата во Буџетот на Општина Новаци за 2025 година

Член 1

Со оваа одлука се врши пренамена на средствата во Буџетот на Општина Новаци за 2025година и тоа на следниот начин:

Потпрограма	**Буџет**	**Донации**	**Самоф.**	**Дотации**	**Кредити**	**Потставка**
A00 СОВЕТ НА ОПШТИНА						
464990 Други трансфери	300.000,00					
EA0 КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ НА ОПШТИНАТА						
482920 Изградба на други објекти	-1.300.000,00					
P10 ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРИРОДА						
464990 Други трансфери	1.000.000,00					

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Новаци,, и станува составен дел на Буџетот на општината за 2025 година.

14-415/5
30.05.2025г.
Новаци

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најд

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Новаци за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2025 до 31.03.2025 година

1. Се прогласува, Одлука за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Новаци за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2025 до 31.03.2025 година, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 30.04.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-439/3 Општина Новаци
05.05.2025 г. Градоначалник
Новаци Стевче Стевановски

Образец К1

Квартален извештај за извршување на буџетот за општина Општина Новаци за извештајниот период(кумулативно) за квартал од 01.01.2025 година до 31.03.2025 година

Општина: Општина Новаци

Извештаен период: од 01.01.2025 **година до** 31.03.2025 **година**

Датум на поднесување на извештајот: 15.04.2025

Приходи - квартал 1	Буџет за 2025 година		Наменска дотација за 2025 година		Самофинансирачки активности за 2025 година		Донации за 2025 година		Кредити за 2025 година		Вкупно за 2025 година			
	План	Реализација за 1 квартал	План	Реализација за 1 квартал	План	Реализација за 1 квартал	План	Реализација за 1 квартал	План	Реализација за 1 квартал	План	Реализација за 1 квартал	Останато за реализација до крај на 2025 година	%
ТЕКОВНО ОПЕРАТИВЕН БИЛАНС :														
ВКУПНИ ТЕКОВНО ОПЕРАТИВНИ ПРИХОДИ	89.131.615	16.083.534	49.570.646	11.726.774	825.000	120.598	18.300.000	264.000	0	0	157.827.261	28.194.906	129.632.355	17,86
ВКУПНИ ТЕКОВНО ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ	98.466.615	20.618.129	48.870.646	11.067.162	595.000	28.826	6.000.000	264.000	0	0	153.932.261	31.978.117	121.954.144	20,77
КАПИТАЛЕН БИЛАНС :														
ВКУПНИ КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ	62.085.000	15.197.199	0	0	0	0	0	0	0	0	62.085.000	15.197.199	46.887.801	24,48
ВКУПНИ КАПИТАЛНИ РАСХОДИ	52.750.000	10.657.147	700.000	75.835	230.000	0	12.300.000	0	0	0	65.980.000	10.732.982	55.247.018	16,27

71		Даночни приходи	13.826.276	1.795.539	0	0	0	0	0	0	0	0	13.826.276	1.795.539	12,99
	711	ДАНОК ОД ДОХОД,ОД ДОБИВКА И ОД КАПИТАЛНИ ДОБИВКИ	1.341.300	386.588	0	0	0	0	0	0	0	0	1.341.300	386.588	954.712	28,82
	713	ДАНОЦИ НА ИМОТ	4.673.000	411.151	0	0	0	0	0	0	0	0	4.673.000	411.151	4.261.849	8,80
	717	ДАНОЦИ НА СПЕЦИФИЧНИ УСЛУГИ	7.801.976	997.800	0	0	0	0	0	0	0	0	7.801.976	997.800	6.804.176	12,79
	718	ТАКСИ ЗА КОРИСТЕЊЕ ИЛИ ДОЗВОЛИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТ	10.000	0	0	0	0	0	0	0	0	0	10.000	0	10.000	0,00
72		Неданочни приходи	2.275.000	321.079	0	0	825.000	120.598	0	0	0	0	3.100.000	441.677	2.658.323	14,25
	722	ГЛОБИ,СУДСКИ И АДМИНИСТРАТИВНИ ТАКСИ	220.000	28.816	0	0	0	0	0	0	0	0	220.000	28.816	191.184	13,10
	723	ТАКСИ И НАДОМЕСТОЦИ	395.000	123.989	0	0	815.000	120.598	0	0	0	0	1.210.000	244.587	965.413	20,21
	724	ДРУГИ ВЛАДИНИ УСЛУГИ	10.000	0	0	0	0	0	0	0	0	0	10.000	0	10.000	0,00
	725	ДРУГИ НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ	1.650.000	168.274	0	0	10.000	0	0	0	0	0	1.660.000	168.274	1.491.726	10,14
74		Трансвери и донации	73.030.339	13.966.916	49.570.646	11.726.774	0	0	18.300.000	264.000	0	0	140.900.985	25.957.690	114.943.295	18,42

	741	ТРАНСФЕРИ ОД ДРУГИ НИВОА НА ВЛАСТ	73.030.339	13.966.916	49.570.646	11.726.774	0	0	0	0	0	0	122.600.985	25.693.690	96.907.295	20,96
	742	ДОНАЦИИ ОД СТРАНСТВО	0	0	0	0	0	0	18.300.000	264.000	0	0	18.300.000	264.000	18.036.000	1,44
73		Капитални приходи	62.085.000	15.197.199	0	0	0	0	0	0	0	0	62.085.000	15.197.199	46.887.801	24,48
	733	ПРОДАЖБА НА ЗЕМЈИШТЕ И НЕМАТЕРИЈАЛНИ ВЛОЖУВАЊА	62.085.000	15.197.199	0	0	0	0	0	0	0	0	62.085.000	15.197.199	46.887.801	24,48

Образложение

Расходи - квартал 1			Буџет за 2025 година		Наменска дотација за 2025 година		Самофинансирачки активности за 2025 година		Донации за 2025 година		Кредити за 2025 година		Вкупно за 2025 година			
			План	Реализација за 1 квартал	План	Реализација за 1 квартал	План	Реализација за 1 квартал	План	Реализација за 1 квартал	План	Реализација за 1 квартал	План	Реализација за 1 квартал	Останато за реализација до крај на 2025 година	%
40		ПЛАТИ, НАЕМНИНИ И НАДОМЕСТОЦИ	23.200.070	5.709.643	44.475.337	10.439.197	0	0	0	0	0	0	67.675.407	16.148.840	51.526.567	23,86
	401	ОСНОВНИ ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ	14.505.765	3.829.251	31.456.331	7.515.511	0	0	0	0	0	0	45.962.096	11.344.762	34.617.334	24,68
	402	ПРИДОНЕСИ ЗА СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ	5.578.305	1.471.910	12.201.506	2.923.686	0	0	0	0	0	0	17.779.811	4.395.596	13.384.215	24,72
	404	НАДОМЕСТОЦИ	3.116.000	408.482	817.500	0	0	0	0	0	0	0	3.933.500	408.482	3.525.018	10,38
41		РЕЗЕРВИ И НЕДЕФИНИРАНИ РАСХОДИ	150.000	0	0	0	0	0	0	0	0	0	150.000	0	150.000	0,00
	412	ПОСТОЈАНА РЕЗЕРВА (НЕПРЕДВИДЛИВИ РАСХОДИ)	100.000	0	0	0	0	0	0	0	0	0	100.000	0	100.000	0,00
	413	ТЕКОВНИ РЕЗЕРВИ (РАЗНОВИДНИ РАСХОДИ)	50.000	0	0	0	0	0	0	0	0	0	50.000	0	50.000	0,00
42		Стоки и услуги	45.392.286	8.237.553	4.192.829	627.965	585.000	28.826	6.000.000	264.000	0	0	56.170.115	9.158.344	47.011.771	16,30
	420	ПАТНИ И ДНЕВНИ РАСХОДИ	505.000	21.700	0	0	5.000	0	0	0	0	0	510.000	21.700	488.300	4,25
	421	КОМУНАЛНИ УСЛУГИ,ГРЕЕЊЕ,КОМУНИКАЦИЈА И ТРАНСПОРТ	7.729.000	1.724.058	2.408.247	328.090	135.000	0	0	0	0	0	10.272.247	2.052.148	8.220.099	19,98
	423	МАТЕРИЈАЛИ И СИТЕН ИНВЕНТАР	10.816.000	1.670.760	570.000	116.884	218.000	5.242	0	0	0	0	11.604.000	1.792.886	9.811.114	15,45
	424	ПОПРАВКИ И ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ	17.330.286	2.724.043	185.000	130.391	9.000	0	0	0	0	0	17.524.286	2.854.434	14.669.852	16,29
	425	ДОГОВОРНИ УСЛУГИ	3.891.000	432.763	942.000	45.300	121.000	22.876	6.000.000	264.000	0	0	10.954.000	764.939	10.189.061	6,98
	426	ДР.ТЕКОВНИ РАСХОДИ	1.621.000	792.041	87.582	7.300	97.000	708	0	0	0	0	1.805.582	800.049	1.005.533	44,31

	427	ПРИВРЕМЕНИ ВРАБОТУВАЊА	3.500.000	872.188	0	0	0	0	0	0	0	0	3.500.000	872.188	2.627.812	24,92
45		КАМАТНИ ПЛАЌАЊА	800.000	271.549	0	0	0	0	0	0	0	0	800.000	271.549	528.451	33,94
	452	КАМАТНИ ПЛАЌАЊА КОН ДОМАШНИ КРЕДИТОРИ	800.000	271.549	0	0	0	0	0	0	0	0	800.000	271.549	528.451	33,94
46		СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ	26.042.971	5.316.792	202.480	0	10.000	0	0	0	0	0	26.255.451	5.316.792	20.938.659	20,25
	461	СУБВЕНЦИИ ЗА ЈАВНИ ПРЕПРИЈАТИЈА	8.552.971	2.488.566	0	0	0	0	0	0	0	0	8.552.971	2.488.566	6.064.405	29,10
	463	ТРАНСФЕРИ ДО НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ	7.400.000	1.700.000	0	0	0	0	0	0	0	0	7.400.000	1.700.000	5.700.000	22,97
	464	РАЗНИ ТРАНСФЕРИ	10.090.000	1.128.226	202.480	0	10.000	0	0	0	0	0	10.302.480	1.128.226	9.174.254	10,95
47		СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ	1.185.000	234.448	0	0	0	0	0	0	0	0	1.185.000	234.448	950.552	19,78
	471	СОЦИЈАЛНИ НАДОМЕСТОЦИ	1.185.000	234.448	0	0	0	0	0	0	0	0	1.185.000	234.448	950.552	19,78
49		ОТПЛАТА НА ГЛАВНИЦА	1.696.288	848.144	0	0	0	0	0	0	0	0	1.696.288	848.144	848.144	50,00
	491	ОТПЛАТА НА глАВНИНА ДО НЕРЕЗИДЕНТНИ КРЕДИТОРИ	1.696.288	848.144	0	0	0	0	0	0	0	0	1.696.288	848.144	848.144	50,00

48		КАПИТАЛНИ РАСХОДИ	52.750.000	10.657.147	700.000	75.835	230.000	0	12.300.000	0	0	0	65.980.000	10.732.982	55.247.018	16,27
	480	купување на опрема и машини	2.350.000	734.100	300.000	75.835	215.000	0	0	0	0	0	2.865.000	809.935	2.055.065	28,27
	482	ДР.ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ	50.400.000	9.923.047	200.000	0	0	0	12.300.000	0	0	0	62.900.000	9.923.047	52.976.953	15,78
	483	КУПУВАЊЕ НА МЕБЕЛ,ОПРЕМА,ВОЗИЛА И МАШИНИ	0	0	200.000	0	15.000	0	0	0	0	0	215.000	0	215.000	0,00

Образложение

Лице за контакт

Име и презиме и тел.број: **Оливера Димитровска 047 203060**

Овластено лице(печат и потпис):

Прилог 2 - Образец К2

Квартален извештај за доспеани ненамирени обврски

Општина: **Новаци**
Квартал: 1 2025

	Обврски до 30 дена	Обврски до 60 дена	Обврски над 60 дена			**Вкупно**
			утужени	неутужени	**Вкупно**	
јануари	1,539,596	2,018,425		12,164,029		**15,722,050**
февруари	5,184,236	3,548,888		5,134,721		**13,867,845**
март	693,706	1,111,669		11,424,123		**13,229,498**
април						
мај						
јуни						
јули						
август						
септември						
октомври						
ноември						
декември						

Обврските до 30 дена се следниве 693.706,00 денари.Обврски до 60 дена се :1.111.669,00 денари.
Обврски над 60 дена се 11.424.123,00 денари.Најголем дел од средствата се однесуваат за Други материјали.

расходна ставка	**Вкупно обврски**
401	
402	
403	
411	
412	
413	
420	
421	410,506
423	1,542,964
424	3,129,984
425	1,063,455
426	1,128,701
427	
461	
464	26,500
465	2,315,772
480	461,236
481	
482	3,024,340
483	
486	
489	
491	
485	126,040
493	
Тотал	13,229,498

Образец КЗ

Квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините

Општина: Новаци

Извештаен период : 1/1/2025 година до 3/31/2025 година
(ден, месец, година) (ден, месец, година)

Датум на поднесување на извешт 4/3/2025

Долг на општината

(во оригинална валута)

Реден број	Ознака на кредит	Назив на кредитот и намена	Заемодавач	Оригинална валута	Износ	Камата стапка %	Рок на отплата	Грејс период	Износ на повлечени транши (во оригинална валута)	Гарантиран кредит (да/не)	Периодичност на отплата* (а, б, в, г,д)	Датум на отплата на главнина Прв	Датум на отплата на главнина Последен	Датум на отплата на камата Прв	Датум на отплата на камата Последен	Достасана обврска (во извештајниот период) Главница	Достасана обврска (во извештајниот период) Камата	Датум на достасување на обврската	Платена обврска (во извештајниот период) Главница	Платена обврска (во извештајниот период) Камата	Датум на отплата на обврската	Достасана неплатена обврска (во Главница	Достасана неплатена обврска (во Камата	Состојба на долгот за извештајниот период** на почетокот	Состојба на долгот за извештајниот период** на крајот
1	мсип-пиб-11-1-11	Наб.на улично ос.Мин.за фин		мкд	8,000,000	вариј,	10,5г	3г.	8,000,000.00		в		2/15/2022	2/15/2012	2/15/2022	533,333	14,720	2/15/2015	533,333	14,720	2/19/2015			8,000,000	7,466,667
																533,333	8,259		533,333	8,259	8/10/2015			7,466,667	6,933,334
																533,333	7,087	2/15/2016	533,333	7,087	2/15/2016			6,933,334	6,400,001
																533,333	1,719	8/10/2016	533,333	1,719	8/10/2016			6,400,001	5,866,668
																533,333	352	2/14/2017	533,333	352	2/15/2017			5,866,668	5,333,335
																533,333	0	8/10/2017	533,333	0	8/15/2017			5,333,335	4,800,002
																533,333	0	2/15/2018	533,333	0	2/15/2018			4,800,002	4,266,669
																533,333	258	8/17/2018	533,333	258	8/8/2018			4,266,669	3,733,336
																533,333	242	2/18/2019	533,333	242	2/18/2019			3,733,336	3,200,003
																533,333	242	8/12/2019	533,333	242	8/13/2019			3,200,003	2,666,670
																533,333	242	2/12/2020	533,333	242	2/13/2020			2,666,670	2,133,337
																533,333	0	8/3/2020	533,333		8/11/2020			2,133,337	1,600,004
																533,333	0	2/5/2021	533,333	0	2/5/2021			1,600,004	1,066,671
																533,333	0	8/12/2021	533,333	0	8/12/2021		,.	1,066,671	533,338
2																533,333	0	2/14/2022	533,333	0	2/14/2022			533,338	0
3	Мсип-Втор Мсип												9/10/2031				17.910	16.03.2022		17,910	3/16/2022				
4																									
5															9/14/2022		23,409	9/14/2022		23,409	9/14/2022				
												3/10/2023		3/22/2023		848,144	188,481	3/10/2023	848,144	188,481	3/22/2023			16,962,878	16,114,734
																848,144	333,575	9/10/2023	848,144	333,575	9/6/2023			16,114,734	15,266,590
6																848144	356,577	3/18/2024	848144	356,577	3/18/2024			15266590	14418446
7																848144	337,520	9/10/2024	848,144	337,520	9/12/2024			14,418,446	13,570,302
																848144	271549	3/9/2025	848144	271549	3/13/2025			13,570,302	12722158

Забе

Долг

(во оригинална валута)

Реден број	Ознака на кредит	Назив на кредитот и намена	Заемодавач	Оригинална валута	Износ	Камата стапка %	Рок на отплата	Грејс период	Износ на повлечени транши (во оригинална валута)	Гарантиран кредит (да/не)	Периодичност на отплата* (а, б, в, г,д)	Датум на отплата на главнина Прв	Датум на отплата на главнина Последен	Датум на отплата на камата Прв	Датум на отплата на камата Последен	Достасана обврска (во извештајниот период) Главница	Достасана обврска (во извештајниот период) Камата	Датум на достасување на обврската	Платена обврска (во извештајниот период) Главница	Платена обврска (во извештајниот период) Камата	Датум на отплата на обврската	Достасана неплатена обврска (во Главница	Достасана неплатена обврска (во Камата	Состојба на долгот за извештајниот период** на почетокот	Состојба на долгот за извештајниот период** на крајот	Заемопримач (назив на ЈП)
1																										
2																										
3																										
4																										
5																										
6																										
7																										

Забелешки:

Лице за контакт
Име и презиме и телефон Оливера Димитровска
047/203060

Овластено лице (печат и потпис):

а)месечно; б)квартално; в) полугодишно; г) годишно; д) друго;
____ Податоците се однесуваат на главнина на долгот
*
**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Правилник за субвенционирање на домаќинствата во Општина Новаци за набавка и монтажа на високоефикасни инвертер клима уреди за 2025 г.

1. Се прогласува, Правилник за субвенционирање на домаќинствата во Општина Новаци за набавка и монтажа на високоефикасни инвертер клима уреди за 2025 година, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 30.04.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-439/4
05.05.2025 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ” бр. 202/24) и член 21 став 1 точка 8 и од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр.07/19 и бр.16/24), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 30.04.2025 година донесе

ПРАВИЛНИК
за субвенционирање на домаќинствата во Општина Новаци за набавка и монтажа на високоефикасни инвертер клима уреди за 2025 година

Член 1

Со овој Правилник се утврдуваат начинот, постапката и критериумите за субвенционирање на домаќинствата во Општина Новаци за набавка и монтажа на високоефикасни инвертер клима уреди, заради поголема употреба на електричната енергија како извор на енергија и затоплување на станбениот простор во кој живеат со цел заштита на животната средина и намалување на емисијата на штетни гасови кои се ослободуваат со користење на други извори на загревање.

Член 2

Со право на субвенционирање на трошоците за набавка и монтирање на високоефикасни инвертер клима уреди можат да се стекнат носители на домаќинства кои живеат на територијата на Општина Новаци, кои за затоплување на станбениот простор во кој живеат користат тврди и фосилни горива и домаќинства кои во последните 5 години не користеле средства од буџетот на Општина Новаци за оваа намена.

Како носител на домаќинството се смета сопственикот на станбениот простор односно обврзникот на данокот на имот за станбениот простор во кој живее домаќинството или кој на друг начин ќе докаже дека е носител на домаќинството.

Како станбен простор во кој живее домаќинството се смета недвижниот имот во кој носителот на домаќинството има живеалиште.

Носителот на домаќинството го докажува правото на сопственост на станбениот простор во кој живее домаќинството со имотен лист, правен основ, решение за данок на имот или друг соодветен доказ, а живеалиштето го докажува со важечка лична карта и патна исправа.

Две или повеќе домаќинства кои живеат во посебни делови од еден ист станбен објект, кои не се физички поделени, а претставуваат функционални целини, се сметаат за посебни домаќинства доколку имаат засебни струјомери и водомери или доколку тоа го потврдат со изјава заверена на нотар.

Доколку две или повеќе домаќинства живеат во различни станбени единици на еден ист сопственик, тоа го докажуваат со изјава заверена на нотар.

Член 3

Распределбата на средствата за субвенционирање ќе се врши врз основа на јавен повик, кој ќе биде објавен од страна на Општина Новаци на огласната табла на општината, на интернет страницата на Општина Новаци и на социјалната мрежа т.е фан страната на градоначалникот на општина Новаци.

Рокот за пријавување по јавниот повик ќе биде најмалку 15 работни дена.

Начинот, рокот и поблиските критериуми за пријавување ќе бидат определени во јавниот повик.

Распределбата на средствата ќе се врши врз основа на уредна и комплетна документација, според редоследот на аплицирање.

Член 4

За спроведување на постапката по јавниот повик, Градоначалникот на Општина Новаци формира комисија составена од пет членови, од кои три членови од вработените во општинската администрација и два членови од членовите на Советот на Општина Новаци. По прибирањето и проверката на документите, комисијата од ставот 1 на овој член изготвува листа на прифатливи барања за субвенционирање.

Градоначалникот на Општина Новаци, врз основа на листата од ставот 2 на овој член, донесува решение за субенционирање на прифатливиот број на барателиа, по што конечната листа со добитници на субвенции се објавува на интернет страницата на Општина Новаци.

Добитниците на субвенции кај кои нема да се затекне монтирана климата за која добиле субвенции, ќе го изгубат правото на субвенционирање и ќе бидат должни да го вратат на Општина Новаци износот на искористената субвенција.

Член 5

Едно домаќинство може да добие и да искористи субвенција во максимален бруто износ од 20.000 денари, во кој износ влегуваат трошоците за набавка и монтажа и данокот на личен доход.

Максималниот број на домаќинства кои можат да добијат и да користат субвенција изнесува 50 домаќинства.

Во зависност од искористувањето на субвенциите, доколку има преостанати расположливи средства, Градоначалникот може да донесе дополнително решение за субвенционирање на одреден дополнителен број од наредно рангираните барателиот листата.

Средствата за субвенциите се планирани од Буџетот на Општина Новаци за 2025 година – Програма за животна средина за 2025 година, во вкупен износ од 1.000.000.000 денари.

Член 6

Субвенцијата може да се искористи за купување и монтажа на еден или повеќе високоефикасни инвертер клима уреди од трговски друштва и трговци поединци кои се регистрирани и вршат трговија, одржување и поправка на клима уреди.

За високоефикасни инвертер клима уреди се сметаат инвертер клима уреди со работна температура за греење од минимум -15 целзиусови степени, со енергетска класа на ладење минумум А и енергетска класа на греење минимум А и со коефициент на ефикасност SEER миниум 5.10 и SCOP минимум 3.5.

Член 7

Начинот на користење на субвенцијата е со рефундирање на направените трошоци за набавка и монтажа на високоефикасен инвертер клима уред на трансакцискатасметка на добитникот на субвенцијата.

Доколку барателот на субвенцијата бара рефундирање на направените трошоци за набавка и монтажа на уредот, до Општина Новаци треба да достави барање кон кое треба да приложи фискална сметка или фактура со извод од банка за извршеното плаќање и копија од трансакцискатасметка на која бара да биде извршено рефундирањето на средствата.

Член 8

Пред исплатата на средствата корисникот на субвенцијата задолжително треба да достави до Општина Новаци изјава заверена на нотар дадена под материјална и кривична одговорност дека се обврзува субвенционираната клима да ја инсталира во местото на живеење кое се наоѓа во Општина Новаци, и дека во наредните три години по денот на монтажата на клима уредот нема да го демонтира истиот и нема да користи дрва, јаглен, фосилни или какви било други видови на нееколошки горива за затполување на станбениот простор во кој ќе биде монтиран уредот, како и дека е согласен во тој период од три години да се вршат контроли од страна на Општина Новаци во станбениот простор во кој ќе биде монтиран уредот, а во спротивно дека е согласен да го врати на Општина Новаци износот на искористената субвенција. Доколку корисникот на субвенцијата не ја достави изјавата од ставот 1 на овој член, истиот ќе го изгуби правото на субвенција и Општина Новаци нема да има обврска за исплата на средствата.

Член 9

Надзор над преземените обврски со изјавата од член 7 став 2 од оваа одлука ќе вршат овластените општински комунални инспектори од Општина Новаци.

Член 10

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а истиот ќе се објави во „Службен гласник на Општината Новаци“.

Совет на Општина Новаци
Преседател
Славица Најдовска Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Новаци во областа на Локалниот економски развој во 2025 година

1. Се прогласува, Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Новаци во областа на Локалниот економски развој во 2025 година, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 30.04.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-439/5
05.05.2025 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и ,,Сл. весник на РСМ” бр. 202/24) и член 21 став 1 точка 8 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 30.04.2025 година донесе

ПРОГРАМА
за изменување и дополнување на
Програмата за активностите на Општина Новаци
во областа на Локалниот економски развој во 2025 година

1. Со оваа Програма се врши изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Новаци во областа на Локалниот економски развој во 2025 година, бр. 14-841/13 од 17.12.2024 година.

2. Во Програмата во делот **РЕЗИМЕ НА АКТИВНОСТИТЕ**

Во точка **4. Изработка на стратешки документи** алинеја 1 се менува и гласи:
- „ Изработка на Стратегија за Локален еколошки акционен план ЛЕАП“

По зборот „денари“ се додава алинеја 2 која гласи:
- „ Изработка на Интегриран локален развоен план со поддршка и помош на УНДП,,

Во точка **20. Поддршка на младите и функционирање на младинскиот центар во Новаци** се додава став 1 кој гласи:

,,Субвенции на млади лица до 26 години, жители на Општина Новаци за полагање на возачки испит од Б категорија“. Вредност 300 000,00 денари.

Бројот „**450.000,00**“ се заменува со „**750 000,00**“.

3. Во делот **ФИНАНСИРАЊЕ**

Во табелрниот приказ, под реден број 20, бројот „450.000,00“ се заменува со број „750 000,00“.

Во редот ,,**ВКУПНО**“ бројот ,,172.621.664,00“ се заменува со број ,,172.921.664,00“.

20	Поддршка на младите и функционирање на младинскиот центар во Новаци	750.000,00
	ВКУПНО:	172.921.664,00 денари

4. Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

Совет на Општина Новаци
Преседател
Славица Најдовска Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Решение за измена и дополонување на Решението за именување на Персонален состав на штабот за заштита и спасување во Општина Новаци

1. Се прогласува, Решение за измена и дополонување на Решението за именување на Персонален состав на штабот за заштита и спасување во Општина Новаци, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 30.04.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-439/6
05.05.2025 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 и точка 15 и член 62 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/0202 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24), член 21 став 1 точка 49 и член 94 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 30.04.2025 донесе

РЕШЕНИЕ за измена и дополонување
на Решението за именување на Персонален состав на штабот за заштита и спасување во Општина Новаци

1. **СЕ ИМЕНУВААТ** следните членови на Персонален состав на штабот за заштита и спасување во Општина Новаци:

Ред.Бр.	Должност	Име и Презиме	Образование
1	Командат	Стевче Стевановски	ВСС
2	Началник	Горан Велјановски	ВСС
3	Помошници на началникот за 3.1 Оперативни работи 3.2 Хуманитарни мерки за заштита и спасување - Прва медицинска помош - Згрижување и евакуација 3.3 Технички мерки за заштита и спасување -Заштита и спасување од пожари -Заштита и спасување од поплави	 Благојче Бежановски Доста Секуловска Славица-Најдовска Стојковска Филип Радевски Љупчо Петровски Благојче Николовски Александар Канзуровски Гоце Талевски Николче Димовски	 ВСС ССС ВСС ВСС ССС ССС ССС ССС ССС ВСС
4	Помошен персонал - Извршител администратор - Извршител курир/возач	 Игорче Ристевски Пецо Дојчиновски Јове Каранфиловски Роберт Стојановски	 ВСС ССС ССС ССС

2. Со влегување во сила на ова Решение престанува да важи измена на Решение за именување на Персонален состав на штабот за заштита и спасување на локална самоуправа Новаци бр. 14-790/21 од 23.08.2022 година.

3. Решението влегува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл. гласник на Општина Новаци“.

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за изменување и дополнување на Одлука за основање на Општински Совет за социјална заштита

1. Се прогласува, Одлука за изменување и дополнување на Одлука за основање на Општински Совет за социјална заштита , што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 30.04.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-439/7
05.05.2025 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 и точка 15 и член 62 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/2002 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24), член 11 став 1 од Законот за социјална заштита („Сл. весник на РСМ“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22 и 65/23), член 21 став 1 точка 49 и член 94 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 30.04.2025 донесе

ОДЛУКА
за изменување и дополнување на Одлука за основање на Општински Совет за социјална заштита

Член 1

Со оваа Одлука се врши изменување и дополнување на Одлуката за основа Општински Совет за социјална заштита бр. 14-890/16 од 29.10.2019г. и бр. 14-465/8 од 21.04.2022 година.

Член 2

Во член 2 од Одлуката:

- во точка бр. 3, заменик членот Емилија Милошевска се разрешува;
- во точка бр. 5, членот Живко Даскаловски – ПЗУ „Поликлиника Д-р Соња “, Новаци, се разрешува, а се именува Доста Секуловска - ПЗУ „Поликлиника Д-р Соња “, Новаци;
- во точка бр. 6, се именува заменик член Зоран Арсовски – водич на безбедносен реон на ПО Новаци;

По точка бр. 8, се додава точка бр. 9 во која се именува нов член, Андреј Наумовски - Младинска граѓанска акција, Новаци.

Член 3

Одлуката влегува на сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

14-415/10
30.05.2025г.
Новаци

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
